# Дневна хемеротека за *20.01.2016г.*

## МИА – [*Трипартитна средба во Тетово за студијата за ризик од поплави во Полошко*]

СРЕДА, 20 ЈАНУАРИ 2016, 10:07:34

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

1 kWh = 3 фенирања

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕ

Насловна | Екологија | Трипартитна средба во Тетово за студијата за ризик од поплави во Полош

### Трипартитна средба во Тетово за студијата за ризик од поплави во Полошко

Препорачај 0

понеделник, 18 јануари 2016 16:45



**Тетово, 18 јануари 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, претставничката на УНДП Луиза Винтон и градоначалничката на општина Тетово Теута Арифи денеска во малата сала на Општината одржаа заедничка трипартитна средба на која беа претставени главните заклучоци и препораки од студијата за оценка на ризикот од поплави во полошкиот регион. По студијата претставниците на трите институции имаа дискусија за развивање стратегија за реализација на препораките и за можни извори на финансирање на предвидените проекти. Министерот Изаири посочи дека предложената стратегија за спречување на поплавите сериозно е прифатена од Владата и активно ќе се работи на нејзиното реализирање на терен.

- Околу 23 милиони евра штета на инфраструктурата изнесуваат проценките што заеднички наши претставници заедно со претставници од УНДП и ЕУ како и од најрелевантните

институции во државата беа спроведени во Полошко. Со денешната предлог стратегија оваа сума сигурно ќе порасне но тоа ќе биде инвестиција што ќе оневозможи долгорочно повторување на слични случувања, изјави Изаири.

Според градоначалничката Арифи освен извештајот за претрпените штети од поплавите што на 3 август го зафатија Полошко биле посочени и можни проекти со што би се спречило повторување на состојбите кога освен голема материјална штета имаше и човечки жртви.

- Се предвидуваат и краткорочни мерки како урбанизација на тие средини Мала и Голема Речица, Порој и Џепчиште и изработка на точни урбанистички планови нешто што не било направено повеќе децении и што ги покажа своите контраефекти. Исто така, се предвидува и проектирање на речните корита нешто што мора да се направи за Шипковица за реката што минува таму да не предизвикува толкави проблеми. Во однос на Тетово неопходно е расчистување и обнова на браните. Мора де се работи и на подигање на свесноста за правилен однос кон животната средина и нејзина заштита. Но сето ова мора да се прави по институционален пат врз основа на проектирање со долгорочни ефекти, а не со привремени парцијални решенија, рече Арифи.

Претставничката на УНДП Луиза Винтон посочи дека студијата јасно ги покажува мерките што треба да се преземат за заштита од поплавите почнувајќи од соодветната градба на објектите, но и промена во однесувањето на населението кон средината и природните ресурски.

- УНДП ќе ги стави своите ресурси вклучувајќи ги и финасиските можности за поддршка во реализацијата на овој акциски план. Ова е и во согласност со политиката на Обединетите нации според која секој долар вложен во спречување на штетите заменува седум долари што се трошат во справувањето со последиците од proродната непогода, рече Винтон.**ас/скс /16:41**

## Канал5 - *Трипартитна средба во Тетово за студијата за ризик од поплави во Полошко*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, претставничката на УНДП Луиза Винтон и градоначалничката на општина Тетово Теута Арифи денеска во малата сала на Општината одржаа заедничка трипартитна средба на која беа претставени ...

## Lider - *Трипартитна средба во Тетово за студијата за ризик од поплави во Полошко*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, претставничката на УНДП Луиза Винтон и градоначалничката на општина Тетово Теута Арифи денеска во малата сала на Општината одржаа заедничка трипартитна средба на која беа претставени

# MIA – *Takim treplësh në tetovë për studimin për rrezik nga përmbytjet në Pollog*

E MËRKURË, 20 JANAR 2016, 10:46:05

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË




BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Takim trepalësh në Tetovë për studimin për rrezik nga përmbytjet në Pollog

## Takim trepalësh në Tetovë për studimin për rrezik nga përmbytjet në Pollog

Recommend 0

E hënë, 18 Janar 2016 2016-01-18 5:38:47.MD 17:38



**Tetovë, 18 janar 2016 (MIA)** - Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, përfaqësuesja e UNDP-së Luiza Vinton dhe kryetarja e komunës së Tetovës Teuta Arifi, sot në sallën e vogël të Komunës mbajtën takim trepalësh të përbashkët në të cilin ishin prezantuar përfundimet kryesore dhe rekomandimet nga studimi për vlerësimin e rrezikut nga përmbytjet në rajonin e Pollogut. Pas studimit përfaqësuesit e tre institucioneve kishin diskutim për zhvillimin e strategjisë për realizimin e rekomandimeve dhe për burime të mundshme të financimit të projekteve të parashikuara. Ministri Izairi potencoi se strategjia e propozuar për ndalimin të përmbytjeve seriozisht është pranuar nga Qeveria dhe në mënyrë aktive do të punohet në realizimin e saj në terren.

"Rreth 23 milionë euro dëm të infrastrukturës arrijnë vlerësimet që së bashku përfaqësuesit tanë së bashku me përfaqësuesit e UNDP-së dhe BE-së si institucione më relevante në shtet ishin zbatuar në Pollog. Me propozim-strategjinë e sotme kjo shumë me siguri do të rritet por ajo do të

jetë investim që do të mundësojë përsëritje afatgjate të ngjarjeve të ngjashme", deklaroi Izairi.

Sipas kryetares së komunës Arifi përveç raportit për pësimin e dëmeve nga përmbytjet që më 3 gusht e përfshinë Pollogun janë potencuar edhe projekte të mundshme me çka mund të ndalet përsëritja e gjendjeve ku përveç dëmit të madh material kishte edhe viktima në njerëz.

"Parashikohen edhe masa afatshkurtë si urbanizimi i këtyre mjediseve, Reçica e Vogël dhe e Madhe, Poroj dhe Xhepçishte dhe përpunimi i planeve të sakta urbanistike diçka që nuk është bërë shumë dekada dhe çka i tregoi kontraefektet e saj. Gjithashtu parashikohet edhe projektimi i shtretërve të lumenjve diçka që duhet të bëhet për Shipkovicën për lumin që kalon atje të mos shkaktojë probleme të mëdha. Lidhur me Tetovën e domosdoshme është pastrimi dhe rindërtimi i digave. Duhet të punohet edhe në ngritjen e vetëdijes për sjellje të drejtë ndaj mjedisit jetësor dhe mbrojtjes së saj. Por gjithë kjo duhet të bëhet sipas rrugës institucionale në bazë të projektimit me efekte afatgjate, ndërsa jo me zgjidhje të përkohshme të pjesshme", tha Arifi.

Përfaqësuesja e UNDP-së Luiza Vinton potencoi se studimi qartë i tregon masat që duhet të ndërmerren për mbrojtje nga përmbytjet duke filluar nga ndërtimi adekuat i objekteve, por edhe ndryshimi i sjelljes së popullatës ndaj mjedisit dhe resurseve natyrore.

"UNDP do t'i vendosë resurset e saj duke i përfshirë edhe mundësitë financiare për përkrahje në realizimin e këtij plani aksionar. Kjo është edhe në pajtim me politikën e Kombeve të Bashkuara sipas së cilës çdo dollar i investuar në parandalimin e dëmeve zëvendëson shtatë dollarë që harxhohen në ballafaqim me pasojat nga fatkeqësitë natyrore", tha Vinton. **sa/mp/17:16**

**+инфо - *САД го намалуваат производството на јаглен***

+ИНФО®
www.plusinfo.mk




НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | БИЗНИС | СКОПЈЕ | КУЛТУРА | СВЕТ | ИЗБОР | СЦЕНА | М



# САД го намалуваат производството на јаглен

Објавено во 09:16 20 јануари 2016 | Прочитано 118 | Печати

МИА

Share 0 Tweet

Американската влада го замрзна издавањето на дозволи за нови рудници на јаглен на државна земја, поради анализата на влијанието на федералната политика за јагленот на животната средина.

Како што пренесе агенцијата Франс прес, тој потег може да зададе нов удар на американските производители на јаглен кои веќе се во проблеми, но и да промовира посветеност на администрацијата на американскиот претседател Барак Обама во борбата против климатските промени.

**ЕНаука - *Автомобилите загадуваат повеќе отколку што мислиме***

ЕНаука.мк

# Автомобилите загадуваат повеќе отколку што мислиме

Сподели Facebook Twitter Like 28 Tweet






Моторот е срцето на секој автомобил, каде што енергијата од хемиската реакција на нафтено согорување се претвора во механичка енергија, која го придвижува автомобилот. Како што ни е веќе познато, автомобилите се многу штетни за средината поради јаглеродниот моноксид, азотните оксиди, јаглеводородите, како и другите отровни соединенија кои се содржат во издувните гасови.

За да се заштити средината, секој модерен автомобил е опремен со автомобилски катализатор, кој ги претвора издувните гасови во нетоксична вода, азот и јаглероден диоксид. Принципот на работа на овој катализатор се заснова на каталитичка реакција, која се одвива на површината на благородни метали, имено паладиум, платина и родиум.




**Од една страна, овој катализатор е особено важен за да се заштити средината од загадување, но од друга страна има опасен недостаток кој во иднина може да создаде уште повеќе проблеми.**

Од катализаторот, преку протокот на гас може да протечат и честички на металите, што би довело до загадување на атмосферата, почвата и површинските води. Така, секој модерен автомобил со ваков катализатор може да ослободува тешки токсични метали при возењето – факт кој во моментов се потценува.

Новото истражување е спроведено од страна на средношколецот Глеб Рукович, под надзор на докторантот Валентин Анаников при Институтот Зелински во Москва и покажува дека контактот со вода го олеснува соединувањето на солите на паладиум и платина во различни групи – хемиски видови кои содржат повеќе од еден атом на метал. Ова е важно откритие бидејќи токсичноста на групите може значително да ја надмине токсичноста на едноставните соли. Затоа, опасноста од загадување на средината со тешки метали треба да стане една од најважните теми во денешницата.